СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 1 септември 1982
Скопје
Број 35 Год. XXXVIII

Претплатата за 1982 година изнесува 900 динари. Овој број чини 20 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

538.

Врз основа на член 354 точка 1 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" бр. 19/79), републичкиот секретар за правосудство донесува

УПАТСТВО

ЗА ВОДЕЊЕТО НА СТАТИСТИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА КАЗНИТЕ ЗАТВОР, МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАТВОР И ЗАВОДСКИТЕ МЕРКИ

1. Со ова упатство се определува видот и водењето на статистичките извештаи за извршувањето на казната затвор,малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови.

2. Заради обезбедување на потребните податоци за извршувањето на казната затвор, малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом, казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови водат и до Републичкиот секретаријат за правосудство ги доставуваат следните статистички извештаи:

1) Статистички извештај за полнолетните лица на издржување казна затвор во казнено-поправните установи во 19 —— год. (образец ИК–1);

2) Статистички извештај за малолетните лица во казнено-поправниот дом и воспитно-поправниот дом во 19 —— год. (образец ИК–2);

3) Статистички извештај за полнолетните лица примени на издржување казна затвор во 19 —— год. (образец ИК–3);

4) Статистички извештај за лицата примени на издржување казна малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во 19 —— год. (образец ИК–4);

5) Статистички извештај за полнолетните лица отпуштени од издржување казна затвор во 19 —— год. (образец ИК–5);

6) Статистички извештај за лица отпуштени од издржување на казна малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во 19 —— год. (образец ИК–6);

7) Статистички извештај за условно отпуштени лица од издржување казна затвор врз основа на решение на комисија во 19 —— год. (образец ИК–7);

8) Статистички извештај за условно отпуштени од издржување казна затвор врз основа на решение на управителот на казнено-поправната установа во 19 —— год. (образец ИК–8);

9) Статистички извештај за бројната состојба на осудените лица во казнено-поправните установи осудени по КЗ на СФРЈ на 31 декември 19 —— година (образец ИК–9);

10) Статистички извештај за бројната состојба на осудените лица во казнено-поправните установи осудени по КЗ на СРМ на 31 декември 19 —— година (образец ИК–10);

11) Статистички извештај за бројната состојба на лицата на издржување воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом по КЗ на СФРЈ на 31 декември 19 —— год. (образец ИК–11);

12) Статистички извештај за бројната состојба на лицата на издржување воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом по КЗ на СРМ на 31 декември 19 —— год. (образец ИК–12);

13) Статистички извештај за лицата на издржување казна затвор во казнено-поправните установи опфатени со воспитно-образовна дејност во 19 —— год. (образец ИК–13);

14) Статистички извештај за лицата на издржување казна малолетнички затвор и воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, опфатени со воспитно-образовна дејност во 19 —— год. (образец ИК–14);

15) Статистички извештај за лицата на издржување на казна затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом, опфатени со културно-забавна и фискултурна дејност во 19 —— год. (образец ИК–15);

16) Статистички извештај за лицата што користеле погодности во казнено-поправните установи и воспитно-поправен дом во 19 —— год. (образец ИК–16);

17) Статистички извештај за лицата спрема кои се применети дисциплински казни во казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом во 19 —— год. (образец ИК–17);

18) Статистички извештај за производствената дејност на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом во 19 —— год. (образец ИК–18);

19) Статистички извештај за работниците вработени во казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом на 31 декември 19 —— год. (образец ИК–19);

20) Статистички извештај за движењето на притворени, осудени и прекршочно казнети лица во казнено-поправната установа за месец ———— 19 —— год. (образец ИК–20);

21) Статистички извештај за движењето на малолетниците во воспитно-поправниот дом за месец ———— 19 —— год. (образец ИК–21).

Обрасците на статистичките извештаи наведени во ставот 1 на точката 2 се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

3. Пополнувањето на колоните во обрасците наведени во ставот 1 на точката 2 од ова упатство го врши казнено-поправната установа и воспитно-поправниот дом врз основа на податоците содржани во матичните книги, личниот лист, картотеката, работната документација и другите видови на евиденции, како и од пресудите односно решенијата на судот или судијата за прекршоци што им се доставени на извршување.

Во обрасците во кои се предвидени колони за искажување на податоците за повторници, ќе се искажуваат податоци за повторниците во смисла на членот 46 од Кривичниот закон на СФРЈ.

4. Статистичкиот извештај според образецот ИК–1 го составуваат казнено-поправните установи со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 3 и 4, а затворите во колоните 5 и 8.

Податоците за лицата отпуштени од издржување казна врз основа на одлука на судот за вонредно ублажување на казната се искажуваат во колоната предви-

дена за искажување податоци за лица отпуштени по издржаната казна.

Збирот на искажаните податоци за бројната состојба на лицата на издржување казна на почетокот на периодот за кој се поднесува извештајот и на податоците за бројот на лицата примени на издржување на казна, мора да му биде еднаков на збирот на искажаните податоци за намалувањето на бројот на лицата на издржување казна и на податоците за бројната состојба на крајот на периодот за кој се поднесува извештајот.

5. Статистичкиот извештај според образецот ИК–2 го составуваат казнено-поправниот и воспитно-поправниот дом, со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 1 и 2, а воспитно-поправниот дом во колоните 3 до 8.

За искажувањето на податоците во извештајот според овој образец согласно важат одредбите од ставот 2 и 3 на точката 4 од ова упатство.

6. Статистичкиот извештај според образецот ИК–3 го составуваат казнено-поправните установи, со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 4 до 6 а затворите во колоните 7 до 9.

Во извештајот според овој образец треба да се искажуваат соодветните податоци само за оние лица што го започнале издржувањето на казната во соодветната казнено-поправна установа во периодот за кој се поднесува извештајот. Според тоа, во овој извештај нема да се искажуваат податоците за лица преместени од други казнено-поправни установи, за лица вратени од бегство и за лица вратени во казнено-поправна установа по истекот на прекинот на издржувањето на казната.

Податоците што треба да се искажуваат во колоната: „Вкупно примени лица" ги вклучуваат и податоците што треба посебно да се искажуваат во колоните: „Отповикан условен отпуст" и „Отповикана условна осуда".

Податокот искажан во овој образец во колоната 1 од колоната: „Вкупно примени лица" мора да му биде еднаков на збирот на податоците покажани во образецот ИК–1 во колоната 1 во колоните означени со: „Новопримени од слобода" и „Новопримени од притвор".

7. Статистичкиот извештај според образецот ИК–4 го составуваат казнено-поправниот и воспитно-поправниот дом, со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 1 до 3, воспитно-поправниот дом во колоните 4 до 6.

За искажувањето на податоците во извештајот според овој образец согласно важат одредбите на ставот 2 и 4 од точката 6 на ова упатство но по образецот ИК–2.

8. Статистичкиот извештај според образецот ИК–5 го составуваат казнено-поправните установи со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 4 до 6, а затворите во колоните 7 до 9.

Во извештајот според овој образец треба да се искажуваат податоци само за оние лица кои во периодот за кој се поднесува извештајот се конечно отпуштени од издржување казна без оглед дали ја издржале казната во целост или со одлука за помилување им е помилувана-условена изречената казна и се ослободени од понатамошното издржување на казната или се амнестирани или се отпуштени на условен отпуст. Според тоа, во овој образец нема да се искажуваат податоци за: лица на кои им е прекинато издржувањето на казната; за лица што се преместени во друга казнено-поправна установа; за лица што побегнале од издржување на казната; и податоци за умрени лица за време на издржувањето на казната.

Податоците за лицата на кои казната им е вонредно ублажена, ќе се искажуваат во овој образец според издржаната казна во целост или делумно (вонредно ублажена казна).

9. Статистичкиот извештај според образецот ИК–6 го составуваат казнено-поправниот и воспитно-поправниот дом, со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 1 до 3, а воспитно-поправниот дом во колоните 4 до 6.

За искажувањето на податоците во извештајот според овој образец, согласно важат одредбите на ставот 2 и 3 од точката 8 на ова упатство.

10. Статистичкиот извештај според образецот ИК–7 го составуваат казнено-поправните установи со тоа што соодветните податоци казнено-поправните домови ги внесуваат во колоните 3 до 11, а затворите во колоните 12 до 17.

11. Статистичкиот извештај според образецот ИК–8 го составуваат казнено-поправните установи, со тоа што соодветните податоци казнено-поправниот дом ги внесува во колоните 3 до 7, а затворите во колоните 8 до 12.

12. Статистичкиот извештај според образецот ИК–9 и ИК–10 го составуваат казнено-поправните установи.

Податоците за лицата осудени за кривични дела во стек (член 48 од КЗ на СФРЈ) треба да се искажуваат само според едно од тие дела и тоа според она дело за кое е утврдена најтешка казна. Ако за две или повеќе кривични дела во стек се утврдени ист вид и иста височина на казната, тогаш податоците за осуденото лице треба да се искажат според она дело за кое со законот е пропишана потешка казна а ако во законот се пропишани за такви дела ист вид и иста височина на казната тогаш според она дело кое е прво по ред означено во пресудата. Ако само едно од кривичните дела е во стек посебно означено во колоната на овој образец, тогаш податоците за осуденото лице треба да се искажат во колоната предвидена за тоа дело без оглед на видот и височината на утврдената односно пропишаната казна за други дела во стек што во овој образец не се посебно означени.

Во колоните 10 до 15 се искажуваат податоците за бројот на осудените лица на издржување казна според занимањето што го вршеле во времето на извршувањето на кривичното дело.

Во колоната 10 се искажуваат податоци за осудените индивидуални земјоделски производители и членови на нивните семејства, кои во времето на извршувањето на кривичното дело се занимавале со земјоделско производство како основно занимање.

Колоните 11 до 13 се предвидени за искажување податоци за осудените лица кои во времето на извршувањето на кривичното дело биле во работен однос.

Во колоните 11 и 12 се искажуваат податоци за неквалификувани односно квалификувани и висококвалификувани работници без оглед дали тие биле вработени во општествениот или приватниот сектор на стопанската дејност. Во колоната 13 се искажуваат податоци за лица со вишо и високо образование без оглед дали тие биле вработени во стопански или нестопански дејности. Во колоната 15 се искажуваат податоци за лица што не можеле да бидат распоредени во една од колоните 10 до 15 (на пример: работни луѓе кои со личен труд вршат професионална дејност, домаќинки, пензионери, невработени работници и сл.).

Во колоните 16 и 17 се искажуваат податоци за бројот на лицата на издржување казна, според тоа дали се осудени во СР Македонија или друга СР односно САП.

13. Статистичкиот извештај според образецот ИК–11 и ИК–12 го составува воспитно-поправниот дом.

Во поглед на внесувањето податоци во колоните 7 до 12 и во колоните 18 и 19 на овој образец важат одредбите од ставот 2 до 6 на точката 12 од ова упатство.

Во колоните 13 до 17 се искажуваат податоците за бројот на малолетници на издржување кривична санкција, според семејни прилики во моментот на составувањето на извештајот според овој образец.

14. Статистичкиот извештај според образецот ИК–13 го составуваат казнено-поправните установи.

Во овој образец во колоната „Вкупно опфатени со воспитно-образовна дејност" се искажува вкупниот број на лицата на издржување казна затвор во соодветната казнено-поправната установа, кои во периодот за кој се поднесува извештајот биле опфатени со една или повеќе различни видови воспитно-образовна работа. Меѓутоа, во колоните што означуваат определени видови воспитно-образовна работа се искажува бројот на лицата што биле опфатени со соодветните видови на работа, со тоа што податокот за едно исто лице се искажува во две или повеќе колони ако тоа лице во периодот за кој се поднесува извештајот било опфатено со два или повеќе видови таква работа.

Во колоните 2 до 11 се искажуваат податоци за осудените лица на издржување казна затвор според школската подготовка што ја имале на почетокот на периодот за кој се поднесува извештајот. Во останатиот дел се искажува училиштето кое го завршил во текот на годината за време на издржувањето на казната како и одржани курсеви и предавања кое е покарактеристично за затворите.

15. Статистичкиот извештај според образецот ИК–14 го составуваат казнено-поправниот и воспитно-поправниот дом.

Во поглед внесувањето податоци за извештајот според овој образец важат одредбите од точката 14 на ова упатство, со тоа што треба да се води сметка за тоа во колоната 1 на овој образец да се искажуваат вкупниот број на лицата опфатени со воспитно-образовна дејност во периодот за кој се поднесува извештајот и во колоните 2 до 19 да се искажува бројот на лицата што биле опфатени со односниот вид на воспитно-образовна дејност.

16. Статистичкиот извештај според образецот ИК–15 го составуваат казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом, со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во колоната со соодветната ознака.

Податоците за определени видови приредби, одржани за лицата што се наоѓаат во казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом, ги вклучуваат сите одржани приредби без оглед дали изведувачите на приредбите се лица од тие установи или слободни лица кои професионално односно аматерски се занимаваат со определената уметност, забава или спорт.

17. Статистичкиот извештај според образецот ИК–16 го составуваат казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во колоната со соодветната ознака.

Ако исто лице во текот на периодот за кој се поднесува извештајот користело две или повеќе различни видови погодности, потребно е кај секој предвиден вид погодност да се искаже бројот на лицата што ја користеле определената погодност.

18. Статистичкиот извештај според образецот ИК–17 го составуваат казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом, со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во предвидената колона со соодветната ознака.

Во колоната 1 се внесува вкупниот број на казнетите лица во периодот за кој се поднесува овој извештај и тоа без оглед на тоа дали истото лице е казнето во тој период само еднаш или повеќе пати.

Во колоните 2 до 26 се искажуваат податоците за бројот на одделни видови дисциплински казни изречени на полнолетни односно малолетни лица. Според тоа, ако е некое лице, во текот на периодот за кој се поднесува извештајот, казнето два или повеќепати со ист вид или различни видови дисциплинска казна, во соодветната колона ќе се искаже колку пати е изречен истиот вид дисциплинска казна односно секој од различните видови на изречената дисциплинска казна ќе се искаже во соодветната колона.

19. Статистичкиот извештај според образецот ИК–18 го составуваат казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во колоната со соодветната ознака.

Во висината на вкупниот приход треба да се искажува во динари согласно важечките прописи за пресметување на вредноста на бруто-производот.

Износот на чистиот доход треба да се искажува во динари според одобрената завршна сметка, согласно одредбите од Законот за организацијата и работењето на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови.

Износот на доходот кој се распоредува во општи фондови треба да се однесува на оние фондови какви имаат и стопанските организации, а износот на доходот кој се распоредува во посебни фондови треба да се однесува на оние фондови што се основани со Законот за организацијата и работењето на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови.

20. Статистичкиот извештај според образецот ИК–19 го составуваат казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом, со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во предвидената колона со соодветната ознака.

21. Статистичкиот извештај според образецот ИК–20 го составуваат казнено-поправните установи, со тоа што секоја од тие установи внесува определени податоци само во предвидената колона со соодветната ознака. Казнено-поправниот дом не ја составува колоната за движењето на притворените лица.

22. Статистичкиот извештај според образецот ИК–21 го составува воспитно-поправниот дом, со тоа што се внесуваат определени податоци само во предвидените колони со соодветната ознака.

Колоните 12 и 13 се однесуваат за побегнати малолетници во текот на месецот и вратени во истиот месец. Затоа збирот од колоната 13 не се прикажува во колоната 15 „Состојба на крајот на месецот".

23. Казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови ги доставуваат статистичките извештаи пропишани со ова упатство до Републичкиот секретаријат за правосудство во следните рокови:

1. Казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови се должни по сите пропишани статистички извештаи од ИК–1 до ИК–20 од ова упатство да ги доставуваат во еден примерок и тоа до 1 февруари од тековната година за изминатата година.

2. Статистичките извештаи според образецот ИК–20 и ИК–21 казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови во еден примерок ги доставуваат за секој месец најкасно до петти во наредниот месец.

24. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 0907–375
мај 1982 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство
Никола Бакулевски, с. р.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПУ)

Образец ИК-1

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за полнолетните лица на издржување казна затвор во казнено-поправната установа во 19____година

Движење на лицата во казнено-поправната установа			Лица осудени за кривични дела						Лица казнети за прекршок		ВКУПНО	
			вкупно		во КПД		во затв.					
			вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени
			1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
Број на состојба на почетокот на извештајниот период												
Приливи	Вкупно											
	Новопримени	Вкупно										
		Од слобода – сами дошле										
		Од слобода – приведени										
		Од притвор										
	Примени од други КПУ	од иста СР										
		од друга СР-САП										
	Вратени од бегство											
	Вратени по истекот на прекинот											
Намалувања	Вкупно											
	Отпуштени	вкупно										
		по издржаната казна										
		помилувани										
		амнестирани										
		условно отпуштени										
	Пренесени во други КПУ	во иста СР										
		во други СР-САП										
	Се наоѓаат во бегство											
	Прекинато издржување на каз.											
	Умрени	вкупно										
		од природна смрт										
		несреќен случај										
		самоубиство										
		убиени во бегство										
	Други случаи на намалување на бројната состојба											
Бројната состојба на крајот на извештајниот период												

Извештајот го составил,

Дата_____19___год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец МЈ-1

(КПД и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за малолетните лица во казнено-поправниот и воспитно-поправниот дом во 19___ год.

Движење на лицата во КПД и ВПД			Во КПД		Во воспитно-поправните домови							
							Малолетни		Помлади полнолетни			
			вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени	вкупно	жени
			1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
Бројна состојба на почетокот на извештајниот период												
Примања	Вкупно											
	Новопримени	Вкупно										
		Од слобода: дошле сами										
		Од слобода: приведени										
		Од притвор										
	Примени од други КПУ и ВПД	од иста СР										
		од друга СР-САП										
	Вратени од бегство											
	Вратени по истекот на прекинот											
	Вкупно											
Напуштање	Отпуштени	Вкупно										
		по издржаната казна-воспитна мерка										
		помилувани										
		амнестирани										
		условно отпуштени										
		по одлука на судот										
	Преместени во друг КПД или ВПД	во иста СР										
		од друга СР-САП										
	Се наоѓаат во бегство											
	Прекинато издржувањето на казната											
	Умрени	Вкупно										
		од природна смрт										
		несреќен случај										
		самоубиство										
		убиен во бегство										
	Други случаи на намалување на бројната состојба											
Бројната состојба на крајот на извештајниот период												

Извештајот го составил,

УПРАВИТЕЛ,

Дата_____19___год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПУ)

Образец ИК–3

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за полнолетните лица примени на издржување казна затвор во 19___ година

Возраст на осудените лица, височина на изречената казна, отповик на условен отпуст и на условна осуда		Вкупно			Во КПД			Во затвор		
		Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници
		1	2	3	4	5	6	7	8	9
Вкупно примени лица										
Возраст	Од 18 до 24 години									
	" 24 до 28 години									
	" 28 до 40 години									
	" 40 до 50 години									
	" 50 до 60 години									
	" 60 години									
Височина на изречената казна	Вкупно									
	До 1 месец									
	Од 1 до 3 месеци									
	" 3 до 6 месеци									
	" 6 месеци до 1 година									
	" 1 до 2 години									
	" 2 до 3 години									
	" 3 до 5 години									
	" 5 до 7 години									
	" 7 до 10 години									
	" 10 до 12 години									
	" 12 до 15 години									
	20 години									
Отповикан условен отпуст										
Отповикана условна осуда										

Извештајот го составил,

Дата_____19___ год.

У П Р А В И Т Е Л,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПД и ВПД)

Образец ИК–4

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата примени на издржување казна малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно–поправен дом во 19___ година

Возраст на лицата, вид и височина на изречената санкција			Во казнено–поправен дом			Во воспитно–поправен дом		
			Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници
			1	2	3	4	5	6
Вкупно примени лица								
Возраст	Преку 14 до 16 години							
	Преку 16 до 18 години							
	Преку 18 до 23 години							
Вид и височина на изречената казна	Малолетнички затвор	До 2 години						
		Преку 2 до 3 год.						
		Преку 3 до 5 год.						
		Преку 5 до 8 год.						
		Преку 8 до 10 год.						
	Воспитна мерка упатување во воспитно–поправен дом							

Извештајот го составил,

УПРАВИТЕЛ,

Дата_____19___год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец ИК-5

(КПУ)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за полнолетните лица отпуштени од издржување казна затвор во 19___ година

Време на издржаната казна		Вкупно			Во КПД			Во затвор		
		Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници
		1	2	3	4	5	6	7	8	9
Вкупно отпуштени лица										
Издржале казна во целост	Вкупно									
	до 1 месец									
	од 1 до 2 месеци									
	" 2 до 3 месеци									
	" 3 до 6 месеци									
	" 6 до 12 месеци									
	" 1 до 2 години									
	" 2 до 3 години									
	" 3 до 5 години									
	" 5 до 10 години									
	" 10 до 15 години									
	Од 20 години									
Издржале казна делумно	Вкупно									
	До 1 месец									
	од 1 до 2 месеци									
	" 2 до 3 месеци									
	" 3 до 6 месеци									
	" 6 до 12 месеци									
	" 1 до 2 години									
	" 2 до 3 години									
	" 3 до 5 години									
	" 5 до 10 години									
	" 10 до 15 години									
	Над 15 години									

Извештајот го составил, У П Р А В И Т Е Л,

Дата_____ 19__ год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

_____ Образец ИК-6

(КПД и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лица отпуштени од издржување казна малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во 19___ година

Вид и време на издржаната казна-воспитна мерка			Во КПД			Во ВПД		
			Вкупно	Примарни	Повторници	Вкупно	Примарни	Повторници
			1	2	3	4	5	6
Вкупно отпуштени лица								
Издржале малолетнички затвор	Вкупно							
	Во целост	До 2 години						
		Преку 2 до 3 години						
		" 3 до 5 години						
		" 5 до 8 години						
		" 8 до 10 години						
	Делумно	До 2 години						
		Преку 2 до 3 години						
		" 3 до 5 години						
		" 5 до 8 години						
		Над 8 години						
Издржале воспитна мерка	Вкупно							
	Од 1 до 2 години							
	Преку 2 до 3 години							
	Преку 3 до 4 години							
	Преку 4 до 5 години							

Извештајот го составил, УПРАВИТЕЛ,

_____ _____

Дата_____19____год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТСРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

Образец ИК–7

(КПУ)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за условно отпуштени лица од издржување казна затвор врз основа на решение на комисија во 19___ година

Категорија на осудени лица, височина на изречената казна и дел од издржаната казна			Условно отпуштени пред истекот на издржаната казна															
			Вкупно		Во казнено–поправен дом								Во затвор					
			Вкупно	жени	Вкупно	жени	до 3 месеци	преку 3 до 6 м.	преку 6м. до 1 г.	преку 1 до 2 г.	преку 2 до 3 г.	преку 3 до 5 г.	над 5 години	вкупно	жени	до 2 месеци	преку 2 до 3 м.	преку 3 до 6 м.	над 6 месеци
			1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17
Категорија на осудени лица	Вкупно																		
	Вкупно																		
	Примарни																		
	Повторници	Вкупно																	
		еднаш																	
		двапати																	
		трипати																	
		четири																	
		над пет пати																	
Височина на изречената казна	Затвор	Вкупно																	
		до 1 месец																	
		преку 1 до 2 месеци																	
		" 2 до 3 месеци																	
		" 3 до 6 месеци																	
		" 6 до 12 месеци																	
		" 1 до 2 год.																	
		" 2 до 3 год.																	
		" 3 до 5 год.																	
		" 5 до 10 год.																	
		" 10 до 12 год.																	
		" 12 до 15 год.																	
		20 години																	
	Малолетнички затвор	Вкупно																	
		до 2 години																	
		преку 2 до 3 години																	
		" 3 до 5 години																	
		" 5 до 8 години																	
		" 8 до 10 год.																	
Издржале помалку од една половина од изречената казна затвор																			

Извештајот го составил,

УПРАВИТЕЛ,

Дата _____ 19___ год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

Образец ИК-8

(КПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за условно отпуштени од издржување казна затвор врз основа на решение на управителот на казнено-поправната установа во 19____година

Категорија на осудените лица и вид на изречената казна		Условно отпуштени пред истекот на изречената казна											
				Во казнено-поправен дом					Во затвор				
		Вкупно	Жени	Вкупно	Жени	До 1о дена	Од 1о до 2о дена	Над 2о дена	Вкупно	Жени	До 1о дена	Од 1о до 2о дена	Над 2о дена
		1	2	3	4	5	6	7	8	9	1о	11	12
ВКУПНО													
Категорија на осудените лица	Примарни												
	Повторници												
Вид на изречената казна	Затвор												
	Малолетнички затвор												

Извештајот го составил,

Дата_____19... год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПУ)

Образец ИК-9

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за бројната состојба на осудените лица во казнено-поправните установи осудени по КЗ на СФРЈ на 31 декември 19___ година

ВИД НА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА	Вкупно осудени лица	Категорија на осудени		Возраст						Занимање						Осуден во СР-САП	
		Примарни	Повторници	Преку 16 до 18 год.	Преку 18 до 24 год.	Преку 24 до 28 год.	Преку 28 до 40 год.	Преку 40 до 50 г.	Преку 50 години	Земјоделци	Неквалифик. работ.	КВ работници	Средно и високо-квалификувани	Ученици и студенти	Други	Македонија	Други СР-САП
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17
Вкупно																	
Глава XV од КЗ																	
чл.124																	
чл.127																	
чл.128																	
чл.136																	
Глава XVII од КЗ																	
Глава XVII од КЗ																	
Глава XVIII од КЗ																	
чл.161																	
чл.167																	
Глава XIX од КЗ																	
чл.174																	
Глава XX од КЗ																	
Глава XXI од КЗ																	
чл.240																	
Глава XXII од КЗ																	
Глава XXIII од КЗ																	

Извештајот го составил,

Дата_____19___ год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

_____ Образец ИК–1о

(КПУ)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за бројната состојба на осудените лица во казнено-поправните установи, осудени по КЗ на СРМ на 31 декември 19___ година

ВИД НА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА	Вкупно осудени лица	Категорија на осуденик		Возраст						Занимање						Осудени по СР-САП	
		Примарни	Повторници	Преку 16 до 18	Преку 18 до 24 г.	Преку 24 до 28 г.	Преку 28 до 4о г.	Преку 4о до 5о г.	Преку 5о години	Земјоделци	Некваліф. работници	КВ работници	Работници со виша и високо образ.	Ученици и студен.	Д р у г и	Македонија	Други СР-САП
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	1о	11	12	13	14	15	16	17
З к у п н о																	
Глава VI од КЗ																	
чл.37																	
чл.43 и 44																	
Глава VII од КЗ																	
Глава VIII од КЗ																	
Глава IX од КЗ																	
Глава X од КЗ																	
Глава XI од КЗ																	
чл.94																	
Глава XII од КЗ																	
Глава XIII од КЗ																	
Глава XIV од КЗ																	
Глава XV од КЗ																	
чл.155 и 156																	
Глава XVI од КЗ																	
чл.177																	
Глава XVII од КЗ																	
Глава XVIII од КЗ																	
Глава XIX од КЗ																	
Глава XX од КЗ																	
Глава XXI од КЗ																	
Кд по посебни закони																	

Извештајот го составил, У П Р А В И Т Е Л,

_____ _____

Дата _____ 19___ год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(НПД)

Образец ИК–11

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за бројната состојба на лицата на издржување воспитната мерка упатување во воспитно-поправниот дом по КЗ на СФРЈ на 31 декември 19___ година

ВИД ОТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА	Вкупно лица на издржување на воспитна мерка	Категорија на лицата		Возраст			Занимање						Семејни прилики					Воспитна мерка изречена во СРСАП	
		Примарни	Повторници	Од 14–16 години	Од 16–19 години	Од 19 до 23 години	Земјоделци	Некваликув. работници	Квалификув. работници	Без определено занимање	Ученици и студенти	Други	Живи обата родители	Родителите живеат во брачна заедница	Родит. разведени	Жива само мајка	Жив само татко	Македонија	Други СР–САП
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19
Вкупно																			
Глава XV од КЗ																			
Глава XVI од КЗ																			
Глава XVII од КЗ																			
Глава XVIII од КЗ																			
Глава XIX од КЗ																			
Глава XX од КЗ																			
Глава XXII од КЗ																			

Извештајот го составил,

Дата_____19___год.

У П Р А В И Т Е Л,

ГЕПУРЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец ИК–12

(ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ
за бројната состојба на лицата на издржување воспитната мерка упатување во воспитно–поправен дом по КЗ на СРМ на 31 декември 19__ год.

ВИД СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА	Вкупно лица на издржување воспитна мерка	Категорија на лицата		Возраст			Занимање						Семејни прилики					Воспитна мерка изречена во СР-САП	
		Примарни	Повторници	Од 14–16 години	Од 14–18 години	Од 19 до 23 години	Земјоделци	Некваликику.работници	Квалику.работници	Без определено занимање	Ученици и студенти	Д р у г и	Живи оба родители	Родителите живеат во брачна заедница	Родителите разведени	Жива само мајка	Жив само татко	Македонија	Други СР-САП
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19
В к у п н о																			
Глава VI од КЗ																			
чл.37																			
чл.43 и 44																			
Глава VII од КЗ																			
Глава X од КЗ																			
Глава XI од КЗ																			
чл.94																			
Глава XIV од КЗ																			
Глава XV од КЗ																			
чл.155																			
чл.156																			
чл.157,158 и 159																			
Глава XVIII																			
чл.209																			
Глава XX од КЗ																			
чл.239																			
Глава XXI од КЗ																			

Извештајот го составил, УПРАВИТЕЛ,

Дата_____19___ год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец ИК-17

(КПУ)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата на издржување казна затвор во казнено-поправните установи опфатени со воспитно-образовна дејност во 19___ година

ВИД НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ			Вкупно	Полнолетни лица						Малолетни лица			
				Вкупно	Школска подгот.					Школ. под.			
					Без школска подготовка	Основно училиште	Средно образов.	Виша школа	Факул. или висока школа	Вкупно	Без школска подготовка	Основно училиште	Средно образов.
			1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Вкупно опфатени со воспитно-образовна дејност													
Основно училиште	Посетувале	Вкупно											
		(I и II одделение) I год.											
		(III и IV одделение) II г.											
		(V и VI одделение) III г.											
		(VII и VIII оддел.) IV г.											
	Завршиле	Вкупно											
		(I и II одделе.) I год.											
		(III и IV одделение) II г.											
		(V и VI оддел.) III г.											
		VII и VIII одел.) IV г.											
Средно образовни		посетувале											
		завршиле											
Курсеви		Посетувале											
		Завршиле											
Предавања	Одржани предавања	Вкупно											
		Политички											
		Стручни											
		Општообразовни											

Извештајот го составил, УПРАВИТЕЛ,

Дата_____19___год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПД и ВПД)

Образец ИК–14

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата на издржување казна малолетнички затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом опфатени со воспитно-образовна дејност во 19____ година

Школска подготовка на лицата	Вкупно опфатени со воспитно образовна дејност	Основно училиште										Средни училишта		Курсеви		Предавање			
		Посетувале					Завршиле									Одржани предавање			
		Вкупно	(I и II Одел) I год.	(III и IV одел.) II год.	(V и VI одел.) III год.	(VII и VIII одел.) IV год.	Вкупно	(I и II одел.) I год.	(III и IV одел.) II год.	(V и VI одел.) III год.	(VII и VIII одел.) IV год.	посетувале	завршиле	посетувале	завршиле	вкупно	политички	стручни	општообразовни
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19
Вкупно																			
Без школска подготовка																			
Основно училиште																			
Средно училиште																			
Виша школа																			
Висока школа																			

Извештајот го составил,

Дата _____ 19____ г.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец ИК–15

(КПУ и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата на издржување казна затвор и воспитната мерка упатување во воспитно–поправен дом, опфатени со културно–забавна и фискултурнадејност во 19___ година

			Вкупно	Во КПД	Во ВПД	Во затвор
Библиотека	Број на книги во библиотеката					
	Број на лица што земале книги на читање					
	Број на претплатени списанија					
	Број на претплатени дневни и неделни листови					
	Број на лица што земале весници и списанија на читање	Редовно				
		Повремено				
	Број на лица што се претплатени	На дневни весници				
		На списанија				
	Културно–забавни секции	Број на постојани секции				
		Број лица вклучени во секции				
	Фискултурни секции	Број на постојани сек.				
		Број на лица вклучени во секции				
Приредби	Театарски	Одржани претстави				
		Број на посетители				
	Кино–приредби	Прикажано филмови				
		Број на посетители				
	Концерти	Одржани концерти				
		Број на посетители				
	Спортски	Одржани приредби				
		Број на посетители				
	Други	Одржани приредби				
		Број на посетители				

Извештајот го составил, УПРАВИТЕЛ,

Дата_____19____година

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО Образец ИК-16

_____

(КПУ и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата што користеле погодност во казнено-поправните установи и воспитно-поправен дом во 19___ година

				Вкупно	Во КПД	Во ВПД	Во затвор
Број на лица што во периодот за кој се поднесува извештајот користеле	Осумнаесетодневен одмор	Вкупно					
		Одморот користен во дом-затвор					
		Надвор од домот-зат.	Вкупно				
			Се вратиле на време				
			Се вратиле со задоцнување				
			Приведени				
			Се наоѓаат во бегство				
	Одсуство до 7 дена	Вкупно					
		Се вратиле на време					
		Се вратиле со задоцнување					
		Приведени					
		Се наоѓаат во бегство					
	Слободно движење	Вкупно					
		Во дом-затвор					
		Надвор од домот-затворот					
	Примање посети без надзор	Вкупно					
		Во дом-затвор	Во заедничка просторија				
			Во посебна просторија				
		Надвор од домот-затворот					
	Проширено право	Допишување					
		Примање посети					
		Примање пакети					
	Други погодности						

Извештајот го составил, УПРАВИТЕЛ,

_____ _____

Дата_____19___год.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

Образец ИК–17

(КПУ и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за лицата според кои се применети дисциплински казни во казнено–поправните установи и воспитно–поправниот дом во 19___ година

ВИД УСТАНОВА	Вкупно казнети лица	Изречени дисциплински казни																							
		на полнолетни лица																на малолетни лица							
		Вкупно	Јавен укор	Забрана на допишување	Забрана на примање пакети	Забрана или ограничув. на правото на примање пари	Упатување во самица						Посебна мерка осамување				Вкупно	Опомена	Јавен укор	Забрана на примање пакети	Забрана на фаполагање со пари	Забрана на излегување до 1 месец	Притвор во посебна просторија	Упатување во самица	
							Вкупно	со работа			без работа														Со работа	Без работа
								До 10 дена	Од 10 до 20 дена	Од 20 до 30 дена	До 10 дена	Од 10 до 20 дена	Од 20 до 30 дена	Вкупно	До 3 месеци	Од 3 до 6 месеци	Над 6 месеци								
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19	20	21	22	23	24	25	26
Казнено–поправен дом																										
Воспитно–поправен дом																										
Општински затвор																										
ВКУПНО:																										

Извештајот го составил,

Дата _____ 19___ год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПУ и ВПД)

Образец ИК-18

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за производствената дејност на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправен дом во 19___ година

		КПД	Затвор	ВПД
Висина на вкупниот приход				
Износ на чистиот доход				
Износ на доходот што е распореден	Во општи фондови			
	Во посебни фондови			
Број на лицата на издржување на казна-мерка, кои во текот на годината не учествувале во производна работа				

Извештајот го составил,

Дата_____19___год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

Образец ИК–19

(КПУ и ВПД)

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за работниците вработени во казнено-поправните установи и воспитно-поправниот дом на 31 декември 19____ година

Раководни кадри					Специјализирани кадри															Кадри на стража						Административни и други кадри	Вкупен број на сите вработени
управители	заменици - управители	помошници–управители	раководители на службите	в к у п н о	воспитувачи	лекари од општа практика	забни лекари–дентисти	медицински техничари	психолози	психијатри	социјални работници	дипломирани инженери	инженери	техничари	дипломирани економисти	економисти	висококвалификувани работници	квалификувани работници	д р у г и	В к у п н о	заповедник на стража	надзорник на стража	постари стражари	стражари	стражари приправници	В к у п н о		
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19	20	21	22	23	24	25	26	27	28	29

Извештајот го составил,

Дата _____ 19____ год.

У П Р А В И Т Е Л,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(КПД)

Образец ИК-2о

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за движењето на притворени, осудени и прекршочно казнети лица во казнено-поправната установа за месец _____ 19___ година

Врста на затвореници		Останати од минатиот месец		Примени во текот на месецот		Вратени од бегство				Вкупно		Издржани денови за извешт. период		Намалување на бројната состојба во текот на месецот										Вкупен број на намалувања		Состојба на крајот на месецот	
						во извештајниот период		од минати години				денови		помилувани		условно отпуштени од комисија		условно отпуштени од управителот		по истек на казната		преместени во други КП установи		избегнати		други случаеви на намалување			
		М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.	М.	Ж.
1		2		3		4		5		6		7		8		9		10		11		12		13		14		15		16	
Притворени лица	Општинска надлежност																												
	Окружна надлежност																												
Осудени лица																													
Прекршочно казнети лица																													

Извештајот го составил,

Дата _____ 19___ год.

УПРАВИТЕЛ,

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

(ВЛД)

Образец ИК-21

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за движењето на малолетниците во воспитно-поправниот дом за

месец _____ 19___ година

ПОЛ	Останати од минатиот месец	Примени во текот на месецот				Намалување на бројната состојба во текот на месецот									Состојба на крајот на месецот	Во бегство		Забелешка
		Од судот	Од притвор	Вратени од бегство	Вкупно	По издржана 1 година	По издржани 2 год.	По издржани 3 год.	По издржани 4 години	По издржани 5 години	Намалување по други основи	Побегнати во текот на месецот: вкупно	Побегнати во текот на месецот: вратени	Вкупен број на намалување		Од оваа година	Од минатите години	
	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18
Машки																		
Женски																		
ВКУПНО:																		

Извештајот го составил,

_____

Дата _____ 19___ год.

УПРАВИТЕЛ,

_____

СОДРЖИНА

538. Упатство за водењето на статистика за извршувањето на казните затвор, малолетнички затвор и заводските мерки 649

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски: Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев“— Скопје.